# СООПШТЕНИЕ за студентите кои студираат на трет циклус - докторски студии

**I. ЗАВЕРКА НА ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР И ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИ ЗА**

ЗИМСКИОТ ИСПИТЕН РОК ВО УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА

Заверката на зимскиот семестар и пријавувањето на испитите за зимскиот испитен рок за студентите на трет циклус на студии ќе се релизира во периодот од **9.I 2018** до **12.I 2018** година, со следниве документи:

- Индекс;
- Образец за заверување семестар со уплатница од 50,00 денари за административна такса;
- Пријава за испит со уплатница од 50,00 денари за административна такса за секој испит поединечно;

**II. ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТИ ВО ЗИМСКИОТ ИСПИТЕН РОК**

Зимскиот испитен рок е од 9. I. 2018 до 29. I. 2018 година.

**III. ЗАПИШУВАЊЕ НА ЛЕТНИОТ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНАТА 2017/2018**

Запишувањето на летниот семестар ќе се реализира во периодот од **16. II .2018** до **28. II .2018** година, со следниве документи:

- Индекс;
- Образец за запишување семестар со уплатница од 50,00 денари за административна такса;
- - од страната на примач - назив на примач: Буџет на РМ - Филолошки факултет Скопје; банка на примачот: Народна банка на РМ; сметка на примачот: 100000000063095; сметка на буџетски корисник: 1600104235 788 10; приходна шифра: 723019 и програма: 41;

Студентот при заверувањето на семестарот, односно најдоцна со запишувањето на наредниот семестар доколку ги има реализирано активностите од тековниот семестар поврзани со пријавувањето и изработката на докторската дисертација потребно е да достави извештај и тоа:

- за запишување во III семестар - извештај за истражување и подготовка на тема за докторска дисертација и валоризација на 14 ЕКТС од II семестар,
- за запишување во IV семестар да има претходно доставено извештај за истражување и подготовка на тема за докторска дисертација и валоризација на 28 ЕКТС од III семестар
- за запишување во V семестар - извештај за истражување и објавување на резултати и валоризација на 25 ЕКТС од IV семестар и
- за запишување во VI семестар - извештај за истражување и објавување на резултати и валоризација на 28 ЕКТС од V семестар.

Валоризација на кредитите поврзани со пријавување и подготовка на докторската дисертација ја прави менторот, кој е потребно да се потпише во индексот и на поднесениот извештај од студентот.